ИНТЕРВЈУ: ДИОМИДИС НИКОЛЕТОПУЛОС, СТОПАНСКА БАНКА

# НАЦИОНАЛНАТА БАНКА НА ГРЦИЈА Е СО ПОДОБАР РЕЈТИНГ ОД ГРЧКАТА ЕКОНОМИЈА

*Националната банка на Грција, сопственик на Стопанска банка, неодамна го зголеми акционерскиот капитал за речиси две милијарди евра. При понудата на акции на банката на финансиските пазари, интерес за купување покажаа над 200.000 акционери од 77 земји. Огромниот интерес за акциите на оваа банкарска групација во период кога соседна Грција се мачи да ја заздрави економијата, како и идните планови на групацијата во работењето на Стопанска банка, беа доволен повод за разговор со Диомидис Николетопулос, заменик-генерален директор за финансии и оперативни работи и член на управниот одбор на банката*



Владимир Николоски

**Националната банка на Грција (НБГ) соопшти дека го зголеми акционерскиот капитал за 1,8 милијарда евра. Што ќе значи ова зголемување на капиталот во однос на работењето на банката?**

- Силната капитална база е клучен предуслов за пораст на секоја компанија, а особено за компанија што работи во секторот на финансиски услуги. Од тој аспект, успешната реализација на планот за зајакнување на капиталот на НБГ тежок 2,8 милијарди евра, од кој во првата фаза успешно се реализира 1,8 милијарда евра, значи зголемен потенцијал за идна кредитна експанзија (во износ 10 пати поголем од зголемувањето на капиталот) и зголемена резистентност на групацијата од шокови. Во исто време, тоа значи зголемено ниво на доверба, кредибилитет и признание од страна на меѓународните инвеститори дека веруваат во идните перформанси на групацијата.

**При понудата на акции на НБГ на финансиските пазари се покажа дека кај инвеститорите има огромен интерес за зголемување на нивното портфолио во банката. На што се должи ваквата заинтересираност?**

- НБГ е една од најголемите финансиски групации во Централна и Источна Европа и има долга и успешна традиција на испорачување додадена вредност на своите акционери. Како резултат на тоа, дури и во овој турбулентен период, групацијата докажа дека интернационалните инвеститори веруваат во нејзината иднина и во способноста повторно да ги испорача ветените резултати. На некој начин, ова е ретка ситуација една компанија на меѓународните пазари да привлече 208.000 акционери од 77 земји и со тоа индиректно да го надмине рејтингот на земјата од која потекнува.

**Дали зголемувањето на капиталот во НБГ ќе донесе позитивни промени и во работата на Стопанска банка?**

- Стопанска банка е значаен дел од НБГ-групацијата и во континуитет ги користи синергиите од членството во една од најголемите банкарски групации во регионот преку пренос на знаења, искуства, кадар и капитална поддршка. Со тоа, како и со зголемениот капитал, групацијата потврдува дека може да ги поддржи амбициозните планови за развој на Стопанска банка. Ваквата поддршка од групацијата секогаш е од големо значење за локалните клиенти. Имајќи ги предвид позитивните резултати на Стопанска банка во минатото, дел од зголемениот капитал на групацијата секако дека ќе биде насочен кон поддршка на идните амбициозни планови на банката.

**Кварталните извештаи на банката покажуваат дека во изминатиов период постојано растат нефункционалните кредити. Очекувате ли понатамошно зголемување на таканаречените лоши кредити?**

- Во услови на нарушена економска активност очекувано беше зголемено учество на нефункционалните кредити во банкарските биланси. Сепак, битно е да се спомене дека Стопанска банка во овој домен остварува подобри резултати од просекот во банкарскиот сектор во земјава, особено имајќи ја предвид структурата на нашето кредитно портфолио. Ова се должи на прудентните политики за управување со ризици што банката ги имплементира, а кои се во согласност со локалните регулативи и со најдобрите светски банкарски практики. Банката комплетно ги покрива нефункционалните пласмани со резервации и во исто време располага со стапка на адекватност на капиталот од 18 отсто и покрај нашите очекувања за позитивни трендови во овој домен во 2011 година.

**Како ја оценувате моменталната економска состојба во Македонија и дали планирате зголемување на кредитната активност на Стопанска банка во стопанството и кај населението?**

- Имајќи ги предвид тековните макроекономски индикатори, состојбата во економијата ја оценуваме како стабилна со позитивни перспективи за економски пораст во 2011 година. Сепак, битно е да се спомене дека од понудата на здрави и реалистични бизнис-планови на компаниите зависи и кредитната експанзија во земјата, а со тоа и економскиот пораст. Во таа насока, Стопанска банка ќе продолжи да нуди непрекината финансиска поддршка на целата квалитетна кредитна побарувачка, како кај населението, така и кај компаниите.